

***Ристо Ивановски***

Во Општата енциклопедија Larousse (1967), Вук Караџиќ, Белград, во 3 глава, стр. 225, се наведува: „Писмо... Писмото најпрво е составено од пиктограми (симболични цртежи) кои набрзо се претвораат во идеограми со кои со асоцијацијата се мисли да додаваат дополнителни апстрактни значења). Пиктограм ‘ѕвезда’ постанува идеограм кога исто така значи ‘бог’, ‘божenski’. Кога пишувале поедини народи (околу 3000 год. п.н.е.) дошле на идеја идеограмот понекогаш да го употребат како фонетски знак, т.е. да претставува глас- обично глас на првиот слог на името на нацртаната фигура- поминатата е една важна етапа во развојот на писмото. Требало, значи, да се избегнуваат замките на зборови со исто значење и хомонимите, па и затоа пред именката се става детерминатив (идеограм кој означува категорија на битие или предмет чие име е напишано фонетски). Нашиот современик, кој би употребил слична постапка, би го напишал зборот куна вака: би нацртал четири шапи (идеограм четвороножец) и додал цртеж куќа (фонетски глас за ‘ку’) и уште цртеж нараквица (фонетски знак за ‘на’). Тој систем доведува до писма посложени од многубројните знаци од кои секој има неколку значења како идеограм, фонетски знак или детерминатив. Дури во вториот милениум п.н.е. ќе се дојде до идеја да се пишува само со помош на фонетски знаци, и така да се создаде слоговно писмо (еден знак претставува еден слог), потоа гласовно (секој знак, односно буква, означува еден глас).

Двојазичните или тројазичните текстови, чија една верзија веќе можела да се прочита, овозможуваат во 20 век дешифрирање на сложени писма. Каменот од Розета ни дава ист текст на два јазика, на грчки и египетски. Египетскиот текст е пишан со хиероглифи и демотичко писмо. Ослонувајќи се на познавање на коптскиот (модерен облик на египетскиот), Шамполион (Champollion) го открива 1822 год. клучот на писмото на стариот Египет. Земајќи ги тројазичните натписи (стари персиски, еламитски и вавилонски), кои користеле различни системи на клинесто писмо, европските научници, тргнувајќи од персискиот, ја пронаоѓаат тајната на клинестото писмо и го даваат во 1853 год. првиот неоспорен превод на еден вавилонски текст. Неодамна стручњаците се обидуваат да дешифрираат непознати писма не служејќи се со двојазични натписи. Англичанецот Вентрис (Ventris), претпоставувајќи дека со линеарното В писмо, најдено на Крит, пишано грчки, почнал да трага по грчки гласови зад таинствените знакови кои ги проучувал. Годината 1953 можел да објави дека пронашол мошне стар облик на грчкиот јазик, микенски (II милениум)“.

На другата страна има слика: „Стела од црн базалт (од 196 г. п.н.е.) пронајдена во Розета (Египет) 1779 год. На неа текстот е во чест на кралот Птолемеј V Епифан даден со хиероглифи, демотичко и грчко писмо. Целина и фрагменти. Британски музеј. Фот. Андерсон“.

Се кажа: „...потоа гласовно (секој знак, односно буква, означува еден глас)“. Значи, само а=а, и=и итн.

Наведеното за во англискиот јазик во 21 век не важи. Тој имал спротивен развој, повратен кон почетокот, спротивно на развитокот на човекот со неговиот јазик- англискиот јазик бил само едно: само јазичен рак.

Во англиски без мака (Асимил- Парис, 1973), на германски јазик, во лекција 70 е наведен азбуката:

a (eï); b (bi:); c (si:); d (di:); e (i:); f (ef); g (dzchi:); h (eïtsch); i (âï); j (dzcheï); k (keï); l (el); m (em); n (en); o (ou); p (pi:); q (kju:); r (a:); s (es), t (ti:); u (ju:); v (vi:); w (dâblju:); x (eks); y (wâï); z (zed).

Следат и посебни примери: England= ing-glend; Interesting= interesting- не си ги менале своите положби итн.

Не случајно, токму и затоа Алберт Ајнштајн запишал дека англискиот јазик ги прави луѓето неписмени.

Во воведот на англиски без мака, како се учи англиски без мака, во изговор, се говори за блискоста на англискиот со германскиот јазик, и токму затоа тој лесно се изучува. Меѓутоа, двата јазика се разликуваат...

„Од тоа доаѓа, дека пишувањето на повеќето англиски зборови не се поклопува со

изговорот; оти исто така Англичанецот во правилното пишување е конзервативен и пишува така, како што неговите претходници пред нешто 400 или 500 години говореле. Ама гласовите во текот на вековите суштински се променаиле, и денес само малку се совпаѓаат со германските...“

Што наведеново значи? Дека „пред околу 400 или 500 години“ Германците и Англичаните биле еден ист народ кој говорел само варварски= пелазгиски= т.н. словенски јазик како што се говорело во целата Елада (Херодот, Тукидид и Платон) која била само Пелазгија. Според Јустин, Македонците биле еден пелазгиски народ, а за Дионисиј Халикарнишки кој во 1 век живеел во Рим Римјаните говореле варварски и пелазгиски јазик. Бидејќи само Македонците и Римјаните владееле во Европа, во Европа друг јазик не можело да има освен само варварски= пелазгиски, кој бил т.н. словенски. Па Европа 100% била само едно: словенска.

Ова се потврдува и со доказот со Каменот на Розета во Египет. Тој бил напишан само со хиеороглифи на староегипетски јазик, коине (т.н.грчки) и македонски говор кој бил толкуван со битолски говор од 21 век. Со тоа што се говори за коине и македонски говор, се докажува, коине не бил народен македонски јазик на Македонците кои го владееле Египет и Западна Азија. Токму и затоа за него не пишува ниеден антички автор кој пишувал за Александар Македонски. Овде се говори само за Александар Македонски, а него Римјаните го прекрстиле во Велики. Па на книгата на К.Руф најстар манускрипт бил од 9 век, а таа е печатена во 15 век.

Од коине Греикот, но не Римјанин или некаков Латин, Лив Андроник (240 г. п.н.е.) превел дела на Хомер од коине на латински. Бидејќи латински јазик никогаш пред тоа не постоел, токму и затоа на тој јазик немало ниеден друг превод (дело). Следи за да се преведе нешто од коине на друг јазик кој дотогаш не бил познат, тој морал да биде само вулгарен коине. Значи, на коине да му се додадат народни зборови. Пак, народен јазик во Италија бил како јазикот на Римјаните 100% само т.н. словенски, а Италија била само венетска и илирска. Значи, 100% само т.н. словенска. Бидејќи латински бил вулгарен коине, тој морал да биде беден јазик. Токму и затоа во латински биле внесени уште околу 10.000 коински зборови, за кои се говори за грчко (коинско) и латинско потекло. Меѓутоа, латински јазик не бил доволно развиен. Латинскиот јазик го дооформиле пребеганите од Источното Римско (Ромејско) Царство, особено со пропаста на нашиот Цариград- царски град на царевите. За потврда дека Источноромејците биле вешти за јазици, е доказот од изворот што го наведува германскиот автор Ланге, според кого Франковиот јазик помалку го знаеле Франковите свештеници отколку оние од Цариград. Следи конечниот заклучок: коине никогаш не бил народен туку само службен кој во Египет го заменил староегипетскиот. Па тој како таков со Апостол Павле станал христијански јазик, и тој како таков и т.н. византиски опстанал дури и во 19 век како

службен јазик во Цариградската патријаршија. За потврда дека коине не бил еладски јазик се чита и кај Лукијан (2 век н.е.) Со ова се потврдува дека коине и латинскиот јазик никогаш не биле народни јазици, и затоа тие се и мртви јазици. Исто така, и Франковиот не бил народен јазик кога свештениците не го познавале. Па Франковиот бил службен јазик на просторите каде владееле Франките со неговите наследници. Следи тој бил службен и во Англија. Токму од него произлегол и англискиот, кој можел да биде само вулгарен фрацуски. Имало дури и германски јазик на Лутер кој бил протестантски јазик, а Германци имало и католици. Видлива е разликата меѓу Франков католички јазик со двата протестантски јазици: англиски и германски. Самата борба меѓу Англичаните и Ирците останала само црковна- протестантска и католичка. А тоа што со моќ се наметнал англискиот јазик, тоа нема никаква врска со историјата на Келтите кои биле Бриги со бригиска писменост... За потврда се гледаат мноштво македонски говори, а таков бил и бригискиот= брзјачкиот итн.

Во 32 лекција се наведени падежите- како германски јазик со 4 падежи да се спореди со англиски јазик.

1. Fall I he she we they

2. Fall of me of him of her of us of them

3. Fall to me to him to her to us to them

4. Fall me him her us them

Па четирите падежи биле како во бригискиот: кој (Н); чиј (Г); кому (Д); кого (А). А и братучед- чедо брату.

Бидејќи дативот кому му- нему му го нема-ло во Пеонија (Мариово) и јужно од бригијска Пелагонија, истото важело и за Елада. Следи дативот во Египет бил внесен од Бригите кои станале македонско племе. Со наводот се потврдува, дека германскиот и англискиот јазик ги задржале основните елементи на прајазикот.

На крајот на книгата се говори за обраќање со ти: „Старата Du-форма (thou итн.) денес се најдува уште во Библијата, во молитвите, во поетскиот јазик, пред сите нешта кај старите класици како Шекспир...“

Што бил англискиот народ? Само дело на библиското христијанство, како и Германците и други европски народи, кои никогаш немале национално чувство. Зошто? Затоа што тие само се одродиле со верски јазици!

Египтјаните биле само Белци (Пелазги) со закосени очи. Покрај Египтјаните и Сумерите биле Белци со закосени очи. Покрај нив живееле и Црнци (Семити)- црни биле Акадците. Во прво време на исти предмети се пишело одвоено. Потоа со заедничики јазик. Такви биле сиријскиот арамејски и староегипетскиот јазик. Ова може да се види и на Камен Розета во Египет- ист текст бил на три јазика: староегипетски со хиероглифи, со слова на коине и со македонски говор кој се чита со битолски говор од 21 век.

Следи од арамејски бил создаден новоперсискиот, а од староегипетскиот коине чија прва граматика и прв речник биле составени во 300 г. п.н.е. и тоа само во Александрија- тој бил Александриски јазик.

Староегипетскиот без семитски елементи бил коптски јазик, кој бил пелазгиски= т.н. словенски. Токму на него говореле Фараоните. Се потврдува со наводот од Ларус: „Потпирајќи се на познавање на коптскиот (модерен облик на египетскиот), Шамполион (Champollion) во 1822 год. го открива клучот на писмото на стариот Египет...“. Следи едно: од староегипетскиот јазик произлегол коптскиот јазик на кого говореле фараоните.

Бидејќи во Каменот Розета биле само хиероиглифите, тогаш староегипетскиот уште не бил реформиран во коптски јазик- без семитски елементи. Па и затоа коптскиот произлегол подоцна- во Птолемејовото време.

Како што се направило со староегипетски до коптски, истото го направил и Константин Филозоф- од коине во црковно-словенски јазик. За писмото се чита во Вита

Константини- се употребува глаголот составува (склопува) стари слова, а не глаголот создава нови слова- кај Сипријан Робер се говори коптски глаголица.

Толкувањето на јазикот на Етрурците најдобро бил со српскиот јазик. Српските автори говорат само со српскиот јазик, затоа што тој бил само црковно-словенски јазик од 9 век. Дунавска Србија била во 19 век.

Токму тој Кирилов јазик со говор од Солунско бил разбирлив во Моравија, а Франкија и` била сосед на Моравија. Ова било повод Франките да говорат како во Моравија. Кралевите на Франките се устоличувале во Ремс со Библијата преведена од Методиј на црковно- словенски јазик. Во 15 век бил Франков јазик, кој не го разбирале Франковите свештеници. Тој потоа станал и службен јазик.

Се наведува дека коине бил вулгарен староегипетски јазик, а еладскиот бил вулгарен коине. Токму затоа во еладските речници 60% и повеќе зборови биле архаични- само Хомерови= пелазгиски. Па латинскиот бил само вулгарен коине во кого биле внесени уште 10.000 коински зборови. Следи латински бил двојна „копија“ на коине, а Франков вулгарен латински и англискиот со 10.000 француски зборови... Со измешани изговори меѓу усните делови, како жежок компир во устата да се поместува- англиски како компирски јазик.

Следи денес се разликуваат романски дворасни јазици на Белци и Црнци кои се говорат западно од Германија и готски јазици трорасни јазици дополнително уште со готски= татарски источно од Франција.

Само францускиот и германскиот имаат врска со еволуцијата на човечкиот род на белата раса, но не и англискиот јазик кој е без родови- машки, женски и среден. Англискиот јазик го враќа човештвото назад.

Курсот на германски јазик има-л 126 лекции, а англиски 154 лекции. Следи Германецот учи многу полесно и побрзо англиски, отколку Англичанецот германски. Инаку би значело дека Англичанецот во однос на Германецот би бил многу поглуп, што во секој случај отпаѓа било каква споредба- таа била/е предрска.

Кога се говори за англискиот јазик и Англичаните, тие отсекогаш биле против Православните, посебно Русите. Англичаните се бореле во полза на Турците, и токму затоа Русите ја изгубиле Кримската војна.

Бидејќи во Мала Азија и Балканот северно од него говореле еден ист пелазгиски= т.н. словенски јазик, тоа население било одродено со монголски=турски јазик. Со таков јазик говорат Турците, Унгарците и Албанците (Арбани= Скиптари= Тоски) со Албанци (Арнаути= Геги)- првите се 90%, а вторите 10%. Меѓутоа, се` до денес православните Арбани имаат исти обичаи како што имаат Македоците, што важи и за Турците- тие како Фриги= Бриги имаат исти обичаи, посебно изразено во оплакуање на мртвите, одвоено одење на закоп машки и женски, дури седење одвоено машки и женски, формален бакнеж како што било со античките Македонци, а со Филип Македонски Бригија била приклучена кон Македонија.

Ова за државите со англиски јазик не важи- тие до денес го подржуваат исламот против се` македонско, а македонско било православието во кое народен јазик бил само варварски= пелазгиски= т.н. словенски јазик.

Следи обединување на Европјаните само со црковно- словенски јазик. За ова одлучуваат само Русите и Србите чии руски и српски јазик биле само црковно- словенски јазик, кои треба да се откажат од своите службени јазици во полза на црковно-словенскиот јазик. И оттогаш започнува процесот на обединување.